# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

10 март 2025 | Излегува по потреба | Година XX | број 4



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА АНЕКС 6 НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ КОМПЛЕКС "ФУДБАЛСКИ ТРЕНИНГ ЦЕНТАР" - ХИПОДРОМ 2**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за склучување на Анекс 6 на договорот за јавно приватно партнерство, за изградба на спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар" Хиподром 2, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 7 март 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1627/1**
**од 10 март 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по барањето за продолжување на рок за изградба на објект, бр.08-1267/1 од 25.2.2025 година, поднесено од АД "Ракометен клуб Вардар" Скопје, Советот на Општина Гази Баба на педесет и петтата седница одржана на 7 март 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА АНЕКС 6 НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ КОМПЛЕКС ''ФУДБАЛСКИ ТРЕНИНГ ЦЕНТАР'' - ХИПОДРОМ 2**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за пристапување на Општина Гази Баба како договорна страна, кон склучување на Анекс 6 на договорот за јавно приватно партнерство, за изградба на спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар" Хиподром 2.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба во име на Општина Гази Баба, да го склучи Анекс 6 на договорот за јавно приватно партнерство, за изградба на спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар" Хиподром 2.

**Член 3**

Одлуката да се достави до барателот и надлежните сектори во општинската администрација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1529/3**
**од 7 март 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА ТИПСКА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА Б 6.3, НА КП 458/1 и 459 КО ГАЗИ БАБА (ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, НАСЕЛБА ЖЕЛЕЗАРА), ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Програма за изградба на типска училишна спортска сала Б 6.3, на КП 458/1 и 459 КО Гази Баба (ООУ "Григор Прличев'', Општина Гази Баба - Скопје, населба Железара), Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 7 март 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1627/2**
**од 10 март 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 73 став (4) од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и "Службен весник на РСМ" бр.18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), а во врска со Упатството за начинот на изготвување на Програмата за градби кои не се предвидени со урбанистички план односно урбанистичко планска документација ("Службен весник на РМ" бр.68/15, 55/18 и "Службен весник на РСМ" бр.90/21), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и петтата седница одржана на 7 март 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА ТИПСКА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА Б 6.3, НА КП 458/1 и 459 КО ГАЗИ БАБА (ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, НАСЕЛБА ЖЕЛЕЗАРА), ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Програма за изградба на типска училишна спортска сала Б 6.3, на КП 458/1 и 459 КО Гази Баба (ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, населба Железара), Општина Гази Баба, со технички број 0801-01-01/25 од февруари 2025 година, изработена од Друштво за производство, трговија и услуги "Иванов инженеринг" ДОО Битола.

**Член 2**

Програмата од членот 1 од оваа одлука се однесува на градба која не е предвидена со урбанистички план односно урбанистичко планска документација, во согласност со закон.

**Член 3**

Одлуката да се достави до сектор за урбанизам и градежно земјиште.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1529/4**
**од 7 март 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА В2.8 - ДЕТСКА ГРАДИНКА, НА ДЕЛ ОД КП 1014 И ДЕЛ ОД КП 1015/1 КО СИНГЕЛИЌ 2, ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 21, БЛОК 06, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка, на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 7 март 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1627/3**
**од 10 март 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 58 став (2) точка 3 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и 202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и петтата седница одржана на 7 март 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА В2.8 - ДЕТСКА ГРАДИНКА, НА ДЕЛ ОД КП 1014 И ДЕЛ ОД КП 1015/1 КО СИНГЕЛИЌ 2, ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 21, БЛОК 06, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се донесува Урбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба - Скопје.

(2) Одлуката за донесување на Урбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година ("Службен гласник на Град Скопј" бр.18/12), Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

**Член 2**

(1) Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од **3.455 м²** кој е во рамките на следните граници:

- Од **североисточната** страна границата на проектен опфат се движи по граница на КП 1015/1 и граница на Блок 06 од Градска четврт С 21 (која се поклопува со граница на ГУП на Град Скопје);
- Од **југоисточна** страна ги пресекува КП 1015/1 и КП 1014 и не се поклопува со регулационата линија од сообраќајниот профил на сервисната улица С5 - ул.Алија Авдовиќ, односно се повлекува за дополнителни 2.5 метри заради изведен дрворед, од југозападна страна ја пресекува КП 1014; и
- Од **северозападна** страна ја пресекува КП 1014, се движи по граница на КП 1015/1, ја пресекува истата до спој со почетна точка.

(2) Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно **3.455 м²**.

**Член 3**

Одлуката за донесување на Урбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба-Скопје, задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот.

**Член 4**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Урбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба - Скопје е должен примерок од донесениот Урбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба - Скопје, во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 5**

Одлуката за донесување на Урбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба - Скопје, се применува по прикачување на Одлуката за донесување на Урбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба - Скопје, во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот проект од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1529/5**
**од 7 март 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), Општина Гази Баба, решавајќи по барањето на инвеститорот **Беким Рогачи** со адреса на ул. Срећко Пужалка бр.170 Скопје, врши

**ЈАВНА ОБЈАВА**

**на Известување за издадено Одобрение за градење**
**со бр.28-3/1735-9-2024 од 09.10.2024 година**

Општина Гази Баба постапувајки по барањето на  инвеститорот **Беким Рогачи** со адреса на ул.Срећко Пужалка бр.170 Скопје, поднесено под **БР.28-3/1735-2024** од 18.04.2024 год, за издавање на одобрение за градење за објект со намена **А1-домување во станбена куќа на КП 3375/1 КО. СИНГЕЛИЌ 1,** Општина Гази Баба, по извршениот увид во планската документација со која располага како и по извршената оценка на доставените докази и прилози, издаде Одобрение за градење на ден 09.10.2024 година.

Овој орган во рок од три дена од денот на донесувањето на одобрението за градење ги известува непосредните соседи на градежната парцела за која се донесува одобрението, согласно чл.62-а од Законот за градење (“Сл.весник на РМ” број.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16,  132/16, 35/18, 64/18,  168/18  и „Сл. Весник на РСМ“ бр.244/19 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23)

Се повикува следниот сосед или од него овластено лице, во рок од 7 (седум) дена од објавување на оваа јавна објава да се обратат до Општина Гази Баба, како би била извршена уредна достава на известувањето:

1. Иљјаса Шакири со адреса на ул. 7 бр.23а с. Арачиново -Скопје.

Оваа јавна објава се смета за уредна достава и согласно член 84 став (6) од Законот за општата управна постапка, негативните последици кои можат да настанат од непостапувањето по истата ги сноси барателот.

**Бр.28-3/1735-9-2024**
од 24.02.2025 година
Скопје

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за давање согласност за склучување на Анекс 6 на договорот за јавно приватно партнерство, за изградба на спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар" Хиподром 2 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

**ОДЛУКА** за донесување на Програма за изградба на типска училишна спортска сала Б 6.3, на КП 458/1 и 459 КО Гази Баба (ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба – Скопје, населба Железара), Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**ОДЛУКА** за донесување на Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка, на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба - Скопје . . . . .6

**ЈАВНА ОБЈАВА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .8

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 04/25**
**55 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци